# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО

Број 11 Год. XV 04 септември 2012 г. примерокот е бесплатен

www.opstinavasilevo.gov.mk opstina_vasilevo@yahoo.co.uk

Содржина: 49-та седница

### Совет на општина Василево

1. **ОДЛУКА** за оттуѓување на движни ствари во сопственост на општина Василево ....................02

2. **ОДЛУКА** за проширување на средствата во Буџетот на општина Василево за 2012 г..............03

3. **ОДЛУКА** за измена на Одлуката за пренесување на правото на користење на автобус IKARUS на ЈПКД Турија Василево бр 07-1370/1 од 19.07.2012………...................................................04

4. **ПРОГРАМА** за волонтерство во општина Василево за 2012 – 2013 година................................04

5. **ОДЛУКА** за изготвување на локална урбанистичко – планска документација за дел од КП бр.2 КО Добраши..........................................................................................................................05

6. **ОДЛУКА** за одобрување на финансиски средства на Црвен крст на Репиблика Македонија општинска организација на Црвен крст – Струмица.......................................................................06

7. **ОДЛУКА** за одобрување на финансиски средства на ловечкото друштво “Фазан”–Василево..07

8. **ОДЛУКА** за одобрување на финансиски средства на Бранка Трајкова од с Василево................07

9. **ОДЛУКА** за одобрување на материјална помош на Љубомир Стајковски од с Добрашинци....08

10. **ОДЛУКА** за Дополнување на Планот за програмите за развој.....................................................08

### Градоначалник на општина Василево

11. **РЕШЕНИЕ бр 40**/2012г за потреба од јавна набавка.......................................................09

12. **РЕШЕНИЕ** за поништување на постапка за доделување на договор за јавни набавки...............09

13. **РЕШЕНИЕ бр 41**/2012г за потреба од јавна набавка.......................................................10

14. **РЕШЕНИЕ бр 42**/2012г за потреба од јавна набавка.......................................................11

15. **РЕШЕНИЕ бр 43**/2012г за потреба од јавна набавка.......................................................11

16. **РЕШЕНИЕ бр 44**/2012г за потреба од јавна набавка.......................................................12

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува **Одлуката** за оттуѓување на движни ствари во сопственост на општина Василево,

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден **24.08.2012 година**

Бр.08-1604/2 Општина Василево
24.08.2012 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

-----------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02) и член 21 точка 32 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр. 04/03,08/06 и 09/10), Советот на општина Василево на својата редовна седница ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за оттуѓување на движни ствари во сопственост на општина Василево**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на општина Василево врши оттуѓување на движни ствари - 1 (еден) компјутер со монитор - FLATRON L 1718S LG,во сопственост на општина Василево.

**Член 2**

Оттуѓувањето на движните ствари - 1 (еден) компјутер со монитор - FLATRON L 1718S LG и инвентарен број 331 од пописната листа на општина Василево за 2011 година се врши со пренесување на сопственоста и владението и тоа на ООУ „Атанас Нивичански“ Нова Маала .

**Член 3**

Вредноста на 1(еден) компјутер со монитор - FLATRON L 1718S LG изнесува 8727,9 денари , при што ООУ„Атанас Нивичански“ Нова Маала се обврзани кон нив да се однесуват како добри домаќини.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Василево“.

Бр.07-1604/1 Совет на општина Василево
24.08.2012г. Претседател,
Василево Лилјана Соларова с.р

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува **Одлуката** за Проширување на Буџетот на општина Василево за 2012 година , што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден **24.08.2012 година**

Бр. 08-1605/2
24.08.2012 г
Василево

Општина Василево
Градоначалник
Ванчо Стојанов с.р.

Врз основа на член 36 ст. 1 т. 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002 година ) и член 21 од статутот на ЕЛС Василево ( Сл.весник на општина Василево бр. 04/03,08/06 и 09/10). Советот на општина Василево на својата седница одржана на 24.08.2012 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

за проширување на средствата во Буџетот на општина Василево за 2012 година

**Член 1**

Со ова одлука се врши проширување на средствата во буџетот на општина Василево во делот на урбанистичкото планирање,вградување штедливи светилки и исплата на кредити и провизија, воедно се врши проширување и во делот но донациите за 2012 год и тоа на следниот начин:

| Се зголемуваат приходите на следните потставки: | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| 711133 Данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 733144 Надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 742114Приходи од Европската унија | | | | | |
| | 1.020.000 | 0 | 30.300.000 | 0 | 0 |

| И се распоредуваат на следните потпрограми и расходни потставки: | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| Е00 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА | | | | | |
| 452410 Камата на кредити | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| F10 УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ | | | | | |
| 425640 Изработка на просторни и урбанистички планови | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| JAA ВГРАДУВАЊЕ ШТЕДЛИВИ СВЕТИЛКИ | | | | | |
| 482830 Реконструкција на капацитети во енергетиката | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| МВВ ИЗГРАДБА НА ДЕТСКА ГРАДИНКА | | | | | |
| 482910 Подготвување проекти вклучувајки дизајн на други објекти | 0 | 0 | 300.000 | 0 | 0 |
| 482920 Изградба на други објекти | 0 | 0 | 30.000.000 | 0 | 0 |
| | **1.020.000** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Васиелво и станува составен дел на Буџетот на општина Василево за 2012 .

Бр.07-1665/1
24.08.2012г.
Василево

Совет на општина Василево
Претседател,
Лилјана Соларова

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува **Одлуката за** измена на Одлуката за пренесување на правото на користење на автобус IKARUS на ЈПКД „Турија“ Василево бр.07-1370/1 од 19.07.2012,

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден **24.08.2012 година**

Бр. 08-1606/2 Општина Василево
24.08.2012 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) член 21 став 1 точка 32 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на Општина Василево“ бр.04/03, бр.08/06 и 09/10), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на 24.08.2012 година ја донесе следната,

**ОДЛУКА**
**за измена на Одлуката за пренесување на правото на користење на автобус IKARUS на ЈПКД „Турија“ Василево бр.07-1370/1 од 19.07.2012**

**Член 1**

Со оваа Одлука зборот ,,користење“ во насловот на Одлуката за пренесување на правото на користење на автобус IKARUS на ЈПКД „Турија“ Василево бр.07-1370/1 од 19.07.2012 се заменува со зборовите **„сопственост и владение“.**

**Член 2**

Со оваа Одлука се изменува член 1 од Одлуката за пренесување на правото на користење на автобус IKARUS на ЈПКД „Турија“ Василево бр.07-1370/1 од 19.07.2012 година, зборот „користење“ се заменува со зборовите „сопственост и владение“ и гласи:

**Со оваа Одлука на ЈПКД „Турија“ Василево му се пренесува правото на сопственост и владение на автобус - марка „ IKARUS“ тип IK 115.**

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Василево.

Бр.07-1606/1 Совет на општина Василево
24.08.2012г. Претседател,
Василево Лилјана Соларова с.р

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува **Програма за волонтерство во општина Василево** ,

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден **24.08.2012 година**

Бр. 08-1607/2 Општина Василево
24.08.2012 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на RM“ бр.5/02) и член 21 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на општина Василево“ бр.4/03, 6/08 и 9/10), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на **24.08.2012 година** ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**за волонтерство во општина Василево**
**за 2012 - 2013 година**

**1.ОПШТИ ОДРЕДБИ**

1.1. Со оваа Програма се утврдува потреба од ангажирање на волонтери во општина Василево, видот на услугите и начинот и постапката за обезбедвуање на истите.

1.2. Под волонтерство, согласно законот се подразбира доброволно давање на лични услуги, знаења ив ештини или вршење на други активности во корист на општина Василево без надоместок.

1.3. Под волонтерство не се подразбира вршење на волонтерски стаж согласно со Законот за работни односи.

**2. ВИД НА УСЛУГИ**

2.1. Општина Василево има потреба од ангажирање на волонтери за изврШување на работи од надлежност на локалната самоуправа или други активности во интерес на потребите на граѓаните на општина Василево а во рамките на нејзините надлежности.

2.2. Општина Василево има утврдено потреба за волонтирање на лица кои имаат завршено Правен факултет, Економски факултет, Архитектонски факултет, Факултет за односи со јавноста и други технички науки или вкупно 4 (четири) волонтери.

2.3. Кандидатите потребно е да имаат познавање од работа со компјутери и странски јазик.

**3. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА АНГАЖИРАЊЕ**

3.1. За волонтери ќе се ангажираат лица кои веруваат во сопствените капацитети, поседуваат вештини за извршување на одредени задачи, можат да работат во тимови, имаат смисла за темелна посветеност во работата, лица со силен ангажман и предизвици на значајни проекти во општината.

3.2. Општина Василево ангажирањето на волонтерите ќе го врши согласно потребите на општината со истакнување на објава на веб страната на општината и на огласната табла на општината.

3.3. Не се исклучува можноста да бидат ангажирани волонтери со доброволно пријавување на лицето кое сака да волонтира.

3.4. Во случаите кога потребата е објавено преку објава, за лица кои ќе бидат избрани за волонтирање ќе решава комисија формирана од Градоначалникот.

**4. ПРАВА И ОБВРСКИ**

4.1. За извршување на работите со лицата кои ќе бидат избрани ќе се склучи договор за волонтерство. Со него поблиску ќе се регулираат правата и обврските на волонтерите и општина Василево како организатор на волонтерската работа согласно законските одредби.

4.2. Општина Василево на волонтерот ќе му издаде волонтерска книшка.

4.3. Волонтерите за вршење на волонтерската работа ќе бидат осигурени при доаѓање и враќање од местото на волонтирање и другите активности предивдени за време на волонтирањето во осигурителна компанија.

4.4. Волонтерите имаат право на надоместок на трошоците за превоз и храна, но најмногу до 3.500,00 денари. Трошоците за службени патувања и трошоците за обука се исплатуваат во иста висина како за вработените во општината.

4.5. Во договорот за волонтерство ќе се прецизира периодот за извршување на волонтерската работа.

**5. ЕВИДЕНЦИЈА**

5.1. Евиденција за волонтерската работа на волонтерите во општина Василево ќе ја врши ржавен службеник од областа на човечките ресурсо.

5.2.Оваа програма се донесува за периодот 2012 - 2013 година.

5.3. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во вСлужбен гласник на општина Василевог.

Бр.07-1606/1 Совет на општина Василево
24.08.2012г. Претседател,
Василево Лилјана Соларова с.р

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува **Одлуката** за изготвување на локална урбанистичко - планска документација за дел од КП.бр.2, КО Доброшинци,

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден **24.08.2012 година**

Бр.08-1608/2 Општина Василево
24.08.2012 Градоначалник
Василево Општина Василево

-------------------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сужбен вессник на РМ“ бр.5/02) и член 21 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр. 04/03,08/06 и 09/10), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на **24.08.2012** година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**За изготвување на локална урбанистичко - планска документација за дел од КП.бр.2, КО Доброшинци**

**Член 1**

Со оваа Одлука општина Василево ќе започне постапка за изготвување на локална - урбанистичко планска документација за дел од КП.бр. 2, КО Доброшинци за изградба на црковен храм и пропратни манастирски објекти.

**Член 2**

Средства за изготвување на локална - урбанистичко планска документација за дел од КП.бр. 2, КО Доброшинци за изградба на црковен храм и пропратни манастирски објекти се обезбедени од страна на Македонската Православна Црква-Охридска Архиепископија.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Василево.

Бр.07-1608/1 Совет на општина Василево
24.08.2012г. Претседател,
Василево Лилјана Соларова с.р

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува **Одлуката** за одобрување на финансиски средства на **Општинската организација на црвен крст Струмица** ,

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден **24.08.2012 година**

Бр. 08-1609/2 Општина Василево
24.08.2012 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

---------------------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на Општина Василево“ бр. 04/03,08/06, и 09/10 ), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на **24.08.2012** година ја донесе следната,

**ОДЛУКА**
**за одобрување на финансиски средства на Црвен крст на Република Македонија општинска организација на Црвен крст - Струмица**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на општина Василево одобрува финансиски средства во износ од 50 000 денари на **Црвен крст на Република Македонија општинска организација на Црвен крст - Струмица.**

**Член 2**

Средствата утврдени во член 1 се одобруваат на **Црвен крст на Република Македонија општинска организација на Црвен крст - Струмица за успешно спроведување на своите законски и програмски активности.**

**Член 3**

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2012 година

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Василево.

Бр.07-1609/1 Совет на општина Василево
24.08.2012г. Претседател,
Василево Лилјана Соларова с.р

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува **Одлуката** за одобрување на финансиски средства на **Ловечкото друштво „Фазан“ - Василево**,

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден **24.08.2012 година**

Бр. 08-1610/2 Општина Василево
24.08.2012 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на Општина Василево“ бр. 04/03,08/06, и 09/10), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на 24.08.2012 година ја донесе следната,

**ОДЛУКА**
**за одобрување на финансиски средства на ловечкото друштво „Фазан“ - Василево**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на општина Василево одобрува финансиски средства во износ од 15 000 денари на **ловечкото друштво „Фазан“ - Василево.**

**Член 2**

Средствата утврдени во член 1 се одобруваат на **ловечкото друштво „Фазан“ - Василево за организирање на традиционалниот турнир на глинени гулаби**.

**Член 3**

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2012 година

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Василево.

Бр.07-1610/1 Совет на општина Василево
24.08.2012г. Претседател,
Василево Лилјана Соларова с.р

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува **Одлуката** за одобрување на финансиски средства на Бранка Трајкова од с.Василево,

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден **24.08.2012 година**

Бр. 08-1611/2 Општина Василево
24.08.2012 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на

Општина Василево“ бр.04/03,08/06, и 09/10 ), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на **24.08.2012** година ја донесе следната,

**ОДЛУКА**
**за одобрување на финансиски средства на Бранка Трајкова од с.Василево**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на општина Василево одобрува финансиски средства во износ од 10 000 денари на **Бранка Трајкова од с.Василево.**

**Член 2**

Средствата утврдени во член 1 се одобруваат на **Бранка Трајкова од с.Василево за лекување на својот син**.

**Член 3**

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2012 година

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Василево.

Бр.07-1611/1 Совет на општина Василево
24.08.2012г. Претседател,
Василево Лилјана Соларова с.р

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува **Одлуката** за одобрување на материјална помош на Љубомир Стајковски од с.Доброшинци,

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден **24.08.2012 година**

Бр. 08-1612/2 Општина Василево
24.08.2012г Градоначалник,
Василево Ванчо Стојанов с.р.

---------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на Општина Василево“ бр.04/03,08/06, и 09/10 ), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на **24.08.2012** година ја донесе следната,

**ОДЛУКА**
**за одобрување на материјална помош на Љубомир Стајковски од с.Добрашинци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на општина Василево одобрува финансиски средства во износ од 15 000 денари во градежни материјали на **Љубомир Стајковски од с.Добрашинци.**

**Член 2**

Средствата утврдени во член 1 се одобруваат на **Љубомир Стајковски од с.Добрашинци за обновување на сопствената опожарена куќа**.

**Член 3**

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2012 година

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Василево

Бр.07-1611/1 Совет на општина Василево
24.08.2012г. Претседател,
Василево Лилјана Соларова с.р

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува **Одлуката** за дополнување на Планот за програмите за развој,

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден **24.08.2012 година**

Бр.08-1613/2 Општина Василево
24.08.2012г Градоначалник,
Василево Ванчо Стојанов с.р

-------------------------------------------------

Врз основа на член 21 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите (“Службен весник на РМ” бр.4/08) и член 21 од Статутот на општина Василево („Службен глансик на ОВ“ бр.04/03, 08/06 , 09/10 ), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на ден **24.08.2012 година** донесе

**Одлука за Дополнување на Планот**
**За програмите за развој**

Се одобрува Дополнувањето на Планот за програмите за развој со програмата за прекугранична соработка кој претставува среднорочен приказ на програми кои се наменети за равојни инвестиции за периодот од 2012 до 2014 година.

Планот за програмите за развој е преглед на среднорочните проекции на одобрените средства во општина Василево, по одделни буџетски програми и потпрограми, како и годините во кои истите се се реализираат и изворите за нивно финансирање, како во приложени табели.

Дополнувањето на Планот влегува во сила со денот на донесувањето и истиот станува составен дел на Буџетот на општина Василево за 2012 година.

Бр.07-1613/1 Совет на општина Василево
24.08.2012г. Претседател,
Василево Лилјана Соларова с.р

* * *

Градоначалникот на Општина Василево врз основа на член 28 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“ бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11 и 185/11) и член 38 од Статутот на Општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03, 08/06 и 09/10), донесе

**РЕШЕНИЕ бр.40/2012**
**за потреба од јавна набавка**

**Член 1**

Со оваа Решение се утврдува потреба од јавна набавка на огревни дрва за потребите на ООУ Гоце Делчев Василево, ПУ-та на Гоце Делчев и ООУ Атанас Нивичански Нова Маала и ПУ-та на Атанас Нивичански за грејната учебна сезона 2012/2013.

**Член 2**

Набавката ќе се спроведе по постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас која започнува во хартиена форма а завршува со електронска аукција, во согласност со Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11 и 185/11).

**Член 3**

Проценетата вредност на набавката е 1.200.000,00 денари без ДДВ и е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2012 година.

**Член 4**

Критериум за избор на најповолен понудувач е понуда со најниска цена:

- Најниска цена 100 поени

**Член 5**

Постапката за набавката ќе ја спроведе Комисија за јавни набавки во Општина Василево составена од 3 (три) члена, претседател и двајца членови на комисијата како и нивни заменици.

**Член 6**

За претседател и заменик претседател се именуваат:

- Ацо Митев - претседател;
- Тони Ристов - зам.претседател;

За членови и нивни заменици се именуваат:

- Каролина Додевска - член;
- Никола Витларов - зам.член;
- Славе Андонов -член;
- Боби Величковски -зам.член.

**Член 7**

Оваа Решение влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во„Службен гласник на Општина Василево“.

Бр.08-1364/1 Општина Василево
19.07.2012г Градоначалник,
Василево Ванчо Стојанов с.р

* * *

Градоначалникот на Општина Василево врз основа на член 169 став 1 алинеја 2 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“ бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11 и 185/11), член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.5/02) и член 38 од Статутот на Општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03, 08/06 и 09/10), донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за поништување на постапка за доделување на договор за јавна набавка**
**бр.40/2012**

1. Со оваа Решение се поништува постапката за доделување договор за јавна набавка бр.40/2012 на огревни дрва за потребите на ООУ „Гоце Делчев “Василево, ПУ-та на „Гоце Делчев“ и ООУ „Атанас Нивичански“ Нова Маала и ПУ-та на „Атанас Нивичански“ за грејната учебна сезона 2012/2013.
2. Оваа Решение влегува во сила од денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Постапката за додлеување на договор за јавна набалва бр.40/2012 на огревни дрва за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ Василево, ПУ-та на „Гоце Делчев“ и ООУ „Атанас Нивичански“ Нова Маала и ПУ-та на „Атанас Нивичански“ за грејната учебна сезона 2012/2013 се поништува од причини што од архивата на општина Василево не е подигната ниту една понуда.

Предвид на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Решение.

Бр.08-1364/6 Општина Василево
30.07.2012г Градоначалник,
Василево Ванчо Стојанов с.р

* * *

Градоначалникот на Општина Василево врз основа на член 28 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“ бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11 и 185/11) и член 38 од Статутот на Општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03, 08/06 и 09/10), донесе

**РЕШЕНИЕ бр.41/2012**
**за потреба од јавна набавка**

**Член 1**

Со оваа Решение се утврдува потреба од јавна набавка на 2 (два) комјутери со ЛЦД монитори за потребите на ООУ „Атанас Нивичански“ Нова Маала - општина Василево.

**Член 2**

Набавката ќе се спроведе по постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас, во согласност со член 100 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11 и 185/11).

**Член 3**

Проценетата вредност на набавката е 60.000,00 денари без пресметан ДДВ и не е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2012 година.

**Член 4**

Критериум за избор на најповолен понудувач е понуда со најниска цена:

- Најниска цена 100 поени

**Член 5**

Постапката за набавката ќе ја спроведе Комисија за јавни набавки во Општина Василево составена од 3 (три) члена, претседател и двајца членови на комисијата како и нивни заменици.

**Член 6**

За претседател и заменик претседател се именуваат:

- Ацо Митев - претседател;
- Убавка Стојчева - зам.претседател;

За членови и нивни заменици се именуваат:

- Каролина Додевска - член;
- Никола Витларов - зам.член;
- Славе Андонов -член;
- Боби Величковски -зам.член.

**Член 7**

Оваа Решение влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Василево“.

Бр.08-1440/1 Општина Василево
30.07.2012г Градоначалник,
Василево Ванчо Стојанов с.р

* * *

Градоначалникот на Општина Василево врз основа на член 28 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“ бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11 и 185/11) и член 38 од Статутот на Општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03, 08/06 и 09/10), донесе

**РЕШЕНИЕ бр.42/2012**
**за потреба од јавна набавка**

**Член 1**

Со оваа Решение се утврдува потреба од јавна набавка на огревни дрва за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ Василево, ПУ-та на „Гоце Делчев“ и ООУ „Атанас Нивичански“ Нова Маала и ПУ-та на „Атанас Нивичански“ за грејната учебна сезона 2012/2013.

**Член 2**

Набавката ќе се спроведе по постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас која започнува во хартиена форма а завршува со електронска аукција, во согласност со Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11 и 185/11).

**Член 3**

Проценетата вредност на набавката е 1.200.000,00 денари без ДДВ и е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2012 година.

**Член 4**

Критериум за избор на најповолен понудувач е понуда со најниска цена:

- Најниска цена 100 поени

**Член 5**

Постапката за набавката ќе ја спроведе Комисија за јавни набавки во Општина Василево составена од 3 (три) члена, претседател и двајца членови на комисијата како и нивни заменици.

**Член 6**

За претседател и заменик претседател се именуваат:

- Ацо Митев - претседател;
- Тони Ристов - зам.претседател;

За членови и нивни заменици се именуваат:

- Каролина Додевска - член;
- Никола Витларов - зам.член;
- Славе Андонов -член;
- Боби Величковски -зам.член.

**Член 7**

Оваа Решение влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во вСлужбен гласник на Општина Василевог.

Бр.08-1467/1 Општина Василево
31.07.2012г Градоначалник,
Василево Ванчо Стојанов с.р

* * *

Градоначалникот на Општина Василево врз основа на член 28 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“ бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11 и 185/11) и член 38 од Статутот на Општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03, 08/06 и 09/10), донесе

**РЕШЕНИЕ бр.43/2012**
**за потреба од јавна набавка**

**Член 1**

Со оваа Решение се утврдува потреба од јавна набавка за превоз на ученици за ООУ „Гоце Делчев“ Василево и ООУ „Атанас Нивичански“ с.Нова Маала општина Василево за учебната 2012/2013 година.

**Член 2**

Набавката ќе се спроведе со отворена постапка, која започнува во хартиена форма а завршува со електронска аукција во согласност со Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11 и 185/11).

**Член 3**

Проценетата вредност на набавката е 5.000.000,00 денари без ДДВ и е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2012 година.

**Член 4**

Критериум за избор на најповолен понудувач е понуда со најниска цена:

- Најниска цена 100 поени

**Член 5**

Постапката за набавката ќе ја спроведе Комисија за јавни набавки во Општина Василево составена од 3 (три) члена, претседател и двајца членови на комисијата како и нивни заменици.

**Член 6**

За претседател и заменик претседател се именуваат:

- Ацо Митев - претседател;
- Убавка Стојчева - зам.претседател;

За членови и нивни заменици се именуваат:

- Каролина Додевска - член;
- Никола Витларов - зам.член;
- Славе Андонов -член;
- Боби Величковски -зам.член.

**Член 7**

Оваа Решение влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Василево“.

Бр.08-1541/1 Општина Василево
14.08.2012г Градоначалник,
Василево Ванчо Стојанов с.р

* * *

Градоначалникот на Општина Василево врз основа на член 28 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“ бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11 и 185/11) и член 38 од Статутот на Општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03, 08/06 и 09/10), донесе

**РЕШЕНИЕ бр.44/2012**
**за потреба од јавна набавка**

**Член 1**

Со оваа Решение се утврдува потреба од јавна набавка на мобилна телекомуникациска услуга за Советот на општина Василево, Градоначалникот на општина Василево и општинската администрација на општина Василево за период од 2 (две) години.

**Член 2**

Набавката ќе се спроведе по постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас која започнува во хартиена форма а завршува со електронска аукција, во согласност со Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11и 185/11).

**Член 3**

Проценетата вредност на набавката е 1.200.000,00 денари без ДДВ и е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2012 година.

**Член 4**

Критериум за избор на најповолен понудувач е економски најповолна понуда:

- Цена на месечна преплата 50 бода
- Цена за минута кон сите мобилни и фиксни мрежи 10 бода
- Интернет сообраќај вклучен во месечната преплата (-GB) 10 бода
- Субвенција за набавка на мобилни апарати 20 бода
- Цена на национални СМС пораки 10 бода

**Член 5**

Постапката за набавката ќе ја спроведе Комисија за јавни набавки во Општина Василево составена од 3 (три) члена, претседател и двајца членови на комисијата како и нивни заменици.

**Член 6**

За претседател и заменик претседател се именуваат:

- Ацо Митев - претседател;
- Тони Ристов - зам.претседател;

За членови и нивни заменици се именуваат:

- Каролина Додевска - член;
- Никола Витларов - зам.член;
- Славе Андонов -член;
- Боби Величковски -зам.член.

**Член 7**

Оваа Решение влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Василево“.

Бр.08-1569/1 Општина Василево
17.08.2012г Градоначалник,
Василево Ванчо Стојанов с.р.